

## ДВАЕСЕТ И ВТОРОТО ПОКЛОНЕНИЕ ВО ВЕЧНИОТ ГРАД РИМ – 1990

***Во второто продолжение од дваесет и второто поклонение во вечниот град Рим во 1990 година ќе одбележиме дека Повелбата на пергамент, испишана со калиграфија во духот на Охридската книжевна школа и иницијали те во позлата, што ја обликува ликовниот уметник Нико Този , а Друштвото на писателите на Македонија со Повелбата од 15 мај 1990***

***година го прогласи Карел Војтила (Папата Јован II) за свој почесен член.***

Исто така, треба да се одбележи дека во овој период во Македонија излегле од печат одреден број публикации чии теми се поврзани со прашањето на религијата, културата, науката и вистината, меѓу кои ќе ги споменеме следните изданија:

***Цветан Грозданов*** *„Студии за охридскиот живопис",* Скопје 1990. Во посочената книга своето место го наоѓаат вредни студии за значајниот охридски живопис, во кој својот одраз и израз ќе го најдат значајни општохристијански, но и локални светители. Не случајно во една од нив станува збор за месецословот на Асемановото евангелие и за постариот монументален живопис во Македонија. Во овој месецаслов ги среќаваме канонизирани имињата на светите Кирил и Методиј, на свети Климент Охридски итн. Покрај 19 студии, застапени се: предговор, библиографска белешка, резиме на француски јазик, листа на цртежи и слики и индекс на имиња.

***„Свето писмо на Стариот и Новиот завет",*** изд. Македонската православна црква во соработка со Британско и иностранo библиско друштво - Лондон 1990.

Ова капитално издание на Македонската православна црква е прво од ваков вид на литературен македонски јазик и претставува голем придонес во семејството на многуте преводи на „Светото писмо". Целта на „Светото писмо", наречено уште „Библија", е човекот и неговите поколенија да се запознаат со основните Божји поставки и пораки. Со тоа на луѓето им се дава можност, не само преку збор, туку и преку симболи да ја разберат вечната Божја правда. Библијата е составена од 77 книги , од кои 50 од Стариот, а 27 од Новиот завет .

***Стојан Ристески*** *,Легенди и преданија за свети Наум",* Скопје 1990.

Авторот Стојан Ристески подготвил убаво издание , преку кое целосно може да се согледа свети Наум во народната традиција. Бројните преданиј а и легенди, групирани во четири циклуси, даваат колоритна претстава за односот и претставата на свети Наум во народот. Покрај тоа, авторот се погрижил да даде и опстоен предговор, со што

посебно доаѓаат до израз целите и истражувањата на С. Ристески како автор. Покрај резимето на француски јазик следат и библиографски белешки и регистар на лични имиња.



***Македонска резба***

***Bibliski atlas,*** *The times,* uredio James B. Pritchard, "Cankarjeva zalozba", Ljubljana - Zagreb 1990.

Ова ексклузивно издание на „Цанкарјева заложба" заслужува посебно внимание. Во неа својот интерес може да го најде и библиологот, и научникот, и обичниот љубопитник насочен кон вечната Библија. Посебно поглавје е посветено на развојот на Библијата кај Македонците, со примерите на кирилометодиевскиот превод на Библијата, и понатаму.

Ова поглавје и е доверено на Вера Стојчевска-Антиќ , која се јавува и како еден од соработниците и авторите на изданието број 51.

***Мирослав Спировски*** *„Борба за автокефалност",* Нова Македонија, Скопје 1990.

Со дејноста на светите Климент и Наум Охридски во Македонија се зацврстува темелот на организираниот црковен живот. Во X век се формира и востановува Охридската архиепископија, која ќе се одржи се до 1767 година кога била укината и приклучена кон Цариградската патријаршија. Авторот на оваа книга понатаму го проследува патот на Македонската православна црква до нејзиното прогласување за автокефална.

***Ратомир Гроздановски*** „Свети Климент Охридски основоположник на МПЦ", Скопје 1990.

Авторот на овој труд ја нагласува светата кирилометодиевска словенска мисија, која го добила својот полн израз во делата на светите Климент и Наум Охридски. Тие својата широка дејност ја прошириле низ цела Македонија и свети Климент Охридски ја сфатил суштината на писмото, големината на „книгата" и започнал да ги расејува. На тој начин создал култура, услови за зачувување и потврдување на иден титетот и создал основа на црковниот живот во Македонија .

***Митрополит Повардарски Михаил*** „*Нашето свето православие",* Македонската православна црква, Скопје 1990.

Авторот на овој труд се задржува врз хронолошките периоди низ кои минале Македонците во осознавањето и прифаќањето, а потоа и афирмирањето на христијанството, на нашето свето православие. Започнува со ширењето на христијанството меѓу македонските Словени. Христијанизирањето на Македонците пред добивањето на писменоста, пред IX век, било стихијно, зашто се одвивало на друг јазик, недоволно разбирлив за Славените. Со апостолското и просветителското дело на светите браќа Кирил и Методиј христијанството започнало суштински да се прифаќа.


ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
1872-1903



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**